Република Македонија
Министерство за економија
Државен инспекторат за техничка инспекција

Бр. 04-1508/21
Скопје, 11.12.2018 година

Влада на Република Македонија
Министерство за економија
Државен инспекторат за
Техничка инспекција
Јуриј Гагарин бр.15 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3224 936
Тел. (02) 3118 289
Ф: (02) 3114 045
www.economy.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот на Државен инспекторат за техничка инспекција донесува:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2018 за унапредување на административен службеник во Државен инспекторат за техничка инспекција

1. Кандидатот **Ахмет Љамалари** по пат на Интерен оглас број 01/2018 се избира за работно место УПР0101Г01000 Самостоен референт за персонална евиденција во Одделение за управување со човечки ресурси– 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2018, со архивски број 04-1508/3 од 04.12.2018 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 04-1423/2 од 30.11.2018 година, директорот на Државен инспекторат за техничка инспекција упати барање до Одделението за управување со човечки ресурси бр. 04-1508/1 од 30.11.2018 година, за објавување на интерен оглас во Државен инспекторат за техничка инспекција.

По добиеното барање, одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2018 за унапредување на 8 (осум) административни службеници на ден 04.12.2018 година, на веб страната на Државен инспекторат за техничка инспекција и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 8 на интерниот оглас е работното место УПР0101Г01000 самостоен референт за персонална евиденција во Одделение за управување со човечки ресурси – 1 извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр. 04-1508/6 од 10.12.2018 година, направи административна селекеција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државен инспекторат за техничка инспекција.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави записник, од административна селекција за интерен оглас бр.04-1508/3 од 03.12.2018 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-1508/13 од 11.12.2018 година, за работно место под реден број 8 категорија Г1 и изготви Финална ранг листа на интервју и

ранг кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2018.

Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДИРЕКТОР ,**
**Ekrem Bunjaki**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
***-именованиот административен службеник***
***-Одделение за управување со ЧР***
***-Архива***

изработил: Феми Алили